**Сојуз на Композиторите на Македонија**

Музичка научна манифестација

# „СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН“

**16 - 18 Септември, 2011**

Струга,
Република Македонија

Музичко-научна манифестација

СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН

16-18 септември 2011

Организатор:

Сојуз на композиторите на Македонија

Претседател: Марко Коловски

Селектор: Велика Стојкова Серафимовска

Техничка организација:

СОКОМ - техничка служба

Подржана од Министерството за култура на Република Македонија

# Содржина:

**Вовед** .................................................................... 4

**Програма** .................................................................... 5

**Абстракти** ....................................................................11

**Листа на учесници**......................................................29

# ВОВЕД

Проблемот на презентација на македонското музичко творештво на еден поорганизиран начин стана особено актуелен во шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години, односно во времето кога тоа и по обем, и по разновидност и по квалитет заслужуваше интегрална презентација. Соодветно на постојаното збогатување на опусот на македонските композитори со дела од сите жанри и соодветно на растежот на нашата изведувачка уметност се јавуваат првите размисли за манифестација што всушност би била смотра на македонската музичка продукција и репродукција. Во 1973 година за прв пат во Сојузот на композиторите на Македонија се спомнува идејата за организирање на "Денови на македонската камерна музика". Сепак идејата не можеше да биде реализирана, а како соодветна компензација, благодарение на иницијативата на Сојузот на композиторите на Македонија во 1975 година беше иницирана манифестацијата "Струшка музичка есен".

Од тогаш до денес Струга беше домаќин на многу наши автори и изведувачи, и на наши и странски музиколози. Имено, првите години "Струшката музичка есен" беше изведувачко-творечка и научна манифестација. Во нејзини рамки беа претставени голем број од новосоздадените композиции на македонските автори, а на музиколошките сеанси започна расветлувањето на македонското музичко минато и беа анализирани современите текови на македонската творечка мисла.

Со појавата на "Деновите на македонската музика" и со материјалните тешкотии со кои почна да се судира македонската култура дојде до редукција на програмските содржини на „Струшката музичка есен“. Акцентот беше ставен врз работата на музиколошката секција, а презентацијата на творештвото и изведуваштвото беше препуштена на „Деновите на македонската музика“.

Музиколошката секција оствари значајни резултати. Голем број на рефератите поднесени во Струга значеа исклучителни научно-истражувачки потфати што фрлаа светлина врз неоткриените пластови на нашето музичко минато. Дел од овие реферати, особено од првите години на работа на симпозиумот беа публикувани во списанието "Македонска музика". За жал, неговото излегување запре, така што презентираните трудови останаа достапни само за најтесните стручњаци од оваа област.

Од 2007 година целосната организација на СМЕ ја презеде Сојузот на композиторите на Македонија. Веќе наредната, 2008 година, во рамките на СМЕ се одржа Првиот симпозиум на Групата за музика и танц во Југоисточна Европа при Светскиот совет за музика и танц на кој учествуваа над 50 научници од целиот свет.

Покрај веќе традиционално утврдените тематски содржини, оваа година „Струшка музичка есен“ ќе се вклучи и во одбележувањето на јубилеите на композиторите: Властимир Николовски, Драган Шуплевски, Илија Тодоровски, Благоја Ивановски, Драган Ѓаконовски – Шпато, Тома Прошев, Стојан Стојков и етномузикологот Михајло Димовски

Одбележувањето на овие јубилеи и годишници ќе биде соодветно истакнато и со настап на камерниот хор ПРО АРС под диригентство на маестро Сашо Татарчевски, кој во рамките на манифестацијата, во црквата „Света Богородица“ во Калишта, Струга, ќе одржи концерт со репертоар посветен на творештвото на горенаведените композитори.

# ПРОГРАМА

## Петок, 16 Септември, 2011

**19.00 Свечено отворање**

**Хотел „Бисер“, Калишта, Струга**

Поздравен говор на Марко Коловски, Претседател на СОКОМ
Поздравен говор на Велика Стојкова Серафимовска, Селектор на СМЕ 2011

***19.30 - 20:15***

**Концерт на камерниот хор „Про Арс“**

**Програма – избор на духовни композиции од македонски автори**

**Диригент – Сашо Татарчевски**

## Сабота, 17 Септември, 2011

**Хотел „БИСЕР“**

**08.30 - 10.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Одбележување на јубилеи и годишнини на македонски автори кои оставиле и оставаат траен белег во македонското музичко творештво** |
| **Претседавач** | **Стојан Стојков** |

1. **Мирјана Павловска Шулајковска**
   *„Влијанието на Драган Шуплевски во развојот на македонската музичка култура“*
2. **Томе Манчев**
   *„Формата и структурата на вториот став од кантатата „Средарот“ на композиторот Властимир Николовски“*
3. **Гоце Гавриловски**
   *„Особеностите на народните музички инструменти во делото Трета Симфонија- Рустика, оп. 58, за симфониски оркестар, на композиторот Властимир Николовски“*
4. **Ивона Опетческа Татарчевска**
   *„Михајло Димоски – неуморен истражувач на македонското оро“*

*10.30 – 11.00 Пауза за кафе*

**11.00 – 13.00**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Одбележување на јубилеи и годишнини на македонски автори кои оставиле и оставаат траен белег во македонското музичко творештво** |
| **Претседавач** | **Марко Коловски** |

1. **Ивана Јанков**
   *„Музичките изразни средства и нивните особености во кантатата „Псалми" од композиторот Стојан Стојков"*
2. **Невенка Трајкова**
   „Стојан Стојков - *Неофолклорните толкувања на жанрот соната и сонатина во областа на камерното дуо "*
3. **Александар Трајковски**
   *„Педагошката дејност на Стојан Стојков"*
4. **Ванчо Колев – Жан**
   *„Осврт на личноста, активностите и музичкото творештво на Стојан Стојков, по повод 70 години од неговото раѓање"*

## *13.00 – 14.00 – Ручек*

**14.00 – 16.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Медиавистика** |
| **Претседавач** | **Михајло Георгиевски** |

1. **Илија Велев**
   *„Литургиската реформа во XIV век и развојот на химнографското творештво "*
2. **Игор Гулевски**
   *„Црковното пеење во Битола од преродбенскиот период до нашиве дни"*
3. **Гоце Ристески**
   *„Непознати авторски композиции на Јоан Хармосин Охридски (Иван Генадиев)"*
4. **Михајло Георгиевски**
   *„Поглед кон црковните псалти од малешевскиот крај,*

*автори на музички ракописи од XIX век“*

5. **Јане Коџабашија**
*„Македонското црковно пеење пред нови искушенија“*

***16.30 – 17.00 – Пауза за кафе***

**17.00 - 18.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Етномузикологија** |
| **Претседавач** | **Велика Стојкова Серафимовска** |

1. **Родна Величковска**
*„Проблемот на „женското“ во традиционалното пеење и „живата орална трансмисија“ на теренот во Македонија“*

2. **Младен Марковиќ**
*„Музичка генетика – можност за нов поглед врз музичката материја“*

3. **Јелица Тодорчевска**
*„Македонските народни песни во творештвото на српскиот композитор Љубомир Мл. Бошњаковиќ“*

***18.30 – 19.15***

***Состанок на ICTM Националниот комитет на Македонија***

---

**19.30 – 20.30**

**Промоција на најновите изданија на СОКОМ**
**Промоција на книгите:**
***„Ортографија со основна теорија на византиската нотација“*** **од Јане Коџабашија**
***„Опширен псалтикиски воскресник“*** **од Васил Иванов Бојаџиев**

---

***20.30 - Вечера***

---

## Недела, 18 Септември, 2011 — Хотел „БИСЕР“

**08.30 - 10.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Музичка педагогија - Проблеми и перспективи** |
| **Претседавач** | **Милица Шкариќ** |

1. **Соња Здравкова Џепаровска**
   *„Методи и модели на танцовата едукација“*
2. **Милица Шкариќ**
   *„Досегашни сознанија за мерењата на музичките искуства “*
3. **Владимир Талевски, Ивана Талевска**
   *„Музичките игри во детските активности“*
4. **Ленче Насев**
   *„Наставник по музичко образование – професија со отворени врати“*

***10.30 – 11.00 – Пауза за кафе***

**11.00 - 13.00**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Музикологија** |
| **Претседавач** | **Валентина Велковска Трајановска** |

1. **Милица Шкариќ**
   *„Проблематика на користење различни изданија при изведувањето на клавирската музика на Ј. С. Бах“*
2. **Валентина Велковска Трајановска**
   *„Алеаторика – музички јазик застапен во творештвото на македонските композитори“*
3. **Тихомир Јовиќ**
   *„Полифонијата во композицијата Concerto Grosso од Томислав Зографски“*
4. **Томе Манчев**
   *„Харизмата на великиот Витолд Лутославски“*

**13.00 – 14.00**

**Завршна дискусија**

***14.00 – 15.30***

***Ручек***

# АБСТРАКТИ

**м-р Мирјана Павловска Шулајковска**

# *Влијанието на Драган Шуплевски во развојот на македонската музичка култура*

Во историјата на културата на тлото на Македонија личноста и делувањето на Драган Шуплевски (1933–2001) зазема значајно место. Делувајќи во втората половина на дваесеттиот век тој е еден од корифеите и доајените на македонската музичка уметност. Неговата заложба, професионалност, посветеност, творечки занес со кои остваруваше врвни креации и го реализираше својот уметнички опус го сврстуваат во личностите кои дале огромен придонес во развојот на професионалната репродуктива и продуктива во на македонската музичка историја.

Работејќи со низа хорови, меѓу кои и со Хорот на Радио Телевизија Скопје и Академскиот хор „Мирче Ацев" тој е основоположник и на детскиот хор „Развигорче" и женскиот младински хор „25 Мај". Остварувајќи богата диригентска дејност и вистинска пресвртница во развојот на професионалната хорска уметност, неговите креации на делата од македонската и светската хорска литература рецензентите ги забележале како изведби „подигнати до Сонцето". Напоредно со богатата диригентска дејност Шуплевски е автор на композиции за виолина, камерни состави, дела за хор и оркестар. Бројката од преку сто уметнички обработки за а-капела хор претставуваат посебен придонес во уметничкото обликување на македонската народна песна. Неговите композиции се наоѓаат на репертоарите на хоровите во Македонија, а според извештаите на ЗАМП, нив ги изведуваат и хорови во Чешка, Полска, Белгија, Шведска, Холандија и др. Од формирањето на Високата музичка школа (денес Факултет за музичка уметност во Скопје) во 1966 година, Шуплевски делувал како наставник по предметите хорско диригирање, хор и познавање хорска литература. Автор е на пет зборника и антологии на хорска литература од македонски и странски автори, како и на книгата „Уметноста на хорското пеење„. Добитник е на повеќе признанија, меѓу кои и наградата „ 11 Октомври" како највисоко општествено признание за долгогодишни особено значајни остварувања за Република Македонија во областа на културата и уметноста во 1992 година.

Благодарејќи на манифестацијата „Струшка музичка есен" и тематската определба за одбележување на јубилеите на истакнати музички дејци кои оставиле траен белег во музичката историја на Македонија, по повод 10 годишнината од смртта на Драган Шуплевски, реконструкцијата на неговиот уметнички пат како диригент, композитор и педагог, претставува прв поопсежен труд за неговата дејност.

**д-р Томе Манчев**

# ***Формата и структурата на вториот став од кантатата „Сердарот“ на композиторот Властимир Николовски***

Академик Властимир Николовски – композитор, низ својот композиторски растеж, поминува сосема логично низ повеќе творечки етапи, создавајќи речиси за сите инструменти, камерни, големи состави, дела за традиционални состави итн. Низ таквиот богат опус не случајно се провлекуваат дела со специфична форма. Властимир Николовски несомнено музичката форма извонредно ја чувствува, а воедно со висок критериум на однесување пристапува кон нејзината реализација, се разбира со висок професионален и сеопфатен кодекс произлезен од рационално – емотивноста. Таквиот сеопфатен мисловен процес кај Властимир Николовски се обликува и поставува како парадигма, што значи со право може да се произнесеме: Властимир Николовски го застапува професионалниот творечки објективизам. По таквиот самотрасиран творечки пат создадените дела помалку или повеќе може да предизвикаат „чудење“ кај професионалната а воедно и добро насочената музичка публика од една и музичките теоретичари од друга страна.

За светот невообичаената форма пред се борбениот танец „Тешкото“ за кој во македонската јавност денес циркулира информацијата за директната поврзаност со печалбарството и сл., но суштината на „Тешкото“ преставува борбен танец на што наведува и почетниот сигнален мотив од четири тона.

Но, нашиот предмет на истражување го лоцираме кон формата која повеќе време претставуваше „загатка“ за која се немаше јасна научна претстава на нашите простори. Се работи за вториот став од кантатата „Сердарот“ од Академик Властимир Николовски. Но теоретичарите од западот (30 години на XX век) и исток (60 години на XX век) безрезервно констатираат „чудните“ форми изградени од контрастен музички материјал се толку логично поврзани и зависни што нивното условно разделување или преорганизирање наполно би ја промениле постојната суштина да се одделат музичкото дело и неговата структура, карактерот, драматуршко тематската логика итн.

Таквите „чудни“ структури теоретичарите од познатите светски центри ги терминираат: - полиструктури dict be- контрастно-составни форми.

Понатаму во оваа насока при потврдувањето на поставената хипотеза ќе се обидеме да навлеземе во следните елементи кои го сочинуваат вториот став од кантатата „Сердарот“:

- Дозата на интуитивност во научното гледиште за обликување на II став од кантатата „Сердарот’.

- Влијанието на формата врз оркестрацијата на II став од кантатата „Сердарот“

- Влијанието на формата врз драматургијата на II став од кантатата „Сердарот"

- Влијанието на литерарниот текст врз музичкото дејство и комбинацијата:

1. мистичноста на сонот
2. наративноста на јавето.

Се разбира и други параметри ќе бидат застапени споредбено со временскиот простор во рефератот по наслов „Формата и структурата на вториот став од кантатата „Сердарот" на композиторот Властимир Николовски.

**м-р Гавриловски Гоце**

## *Особеностите на народните музички инструменти во делото Трета Симфонија- Рустика, оп. 58, за симфониски оркестар, на композиторот Властимир Николовски*

Во рефератот темелно и доследно ќе се дефинираат: присутноста, улогата и употребата на оркестарската група- народни музички инструменти, дадени во Третата Симфонија на В. Николовски, како и нивните својства и карактеристики.

На почетокот од рефератот ќе се издиференцира и прикаже општата класификација на народните музички инструменти во Р. Македонија, според некои автори (традиционални и ориентални, и поимот „чалгија").

Интенцијата на авторот во ова дело била што подлабоко да се навлезе во корените на фолклорот, а тоа тој го претставува преку карактеристичната фолклорна употреба на: мелодијата, ритамот, хармонијата и инструментариумот. Авторот во голема мера преку разни институции- „Унеско", се залагал за негување и зачувување на нашата традиција преку употреба на народните инструменти. Оваа негова идеја и ден денес е продолжена и се остварува преку отварање на отсек по народни инструменти, на катедрите на ФМУ во Скопје и Штип, од каде секоја година произлегуваат бројни и значајни млади уметници, кои доста сериозно владеат со исполнителната техника на народните музички инструменти.

Кога ќе се повлече паралела помеѓу времето кога е создадено ова дело и денес, ќе се заклучи дека денешната изработка на народните музички инструменти е пософистицирана и попрецизна, се проширува опсегот, и се создаваат услови за изведба на ова дело со народни инструменти.

Народните музички инструменти ќе ги разгледаме и дефинираме редоследно како што се дадени во партитурата на делото:

-кавал, флејта од Македонија, се одликува со мелодиска функција (алт- флејта имитира и претставува стилизиција на втор, придружен кавал)

-двете зурли, се дадени во полифон слог и имаат мелодиска функција, во вид на хетерофонија, а на места и со бордунски, педален настап

-гајда, во делото со опсег од д1-е2, се карактеризира со мелодиска функција, и појава на интересна глисандо- исполнителска техника

-тарабуката во делово се карактеризира со ритмичка улога, со цел надополнување и оформување на комплементарниот ритам, во комбинација со тапан и тимпан, со артикулациска техника col mani- свирење, тропање со раце.

-тапанот во делово се карактеризира со ритмичка улога, со цел надополнување и оформување на комплементарниот ритам, во соодност со другите музички инструменти, со стандардна артикулација и техника, а малата прачка, стапчето, во бројни случаеви исполнува слободно, ад либитум, или на места и со дадена импровизациска ритмичка фигура (алеаторика).

На крајот од рефератот ќе изнесеме и заклучок за примената на оркестарската група- народни музички инструменти, во третата симфонија Рустика- оп. 58, од композиторот Властимир Николовски.

**Ивона Опетческа Татарчевска**

## *Михаило Димоски неуморен истражувач на македонското оро*

Во обид да ги прошириме сознанијата за изминативе 60 години од поставувањето на основите на македонската етнокореологија, ја одбележуваме и 70-годишнината од раѓањето на Михаило Димоски, еден од малкутемина македонски етномузиколози кој својот професионален живот го посвети на истражување на македонската танцова традиција. Димоски ги постави основите на класичната методологија на истражување, запишување и класифицирање на македонските традиционални танци. На својот краток животен пат, Димоски (1941-1979) успеал да оттргне од заборав повеќе стотини македонски ора и ороводни песни, место запирка те молам стави точка Преку своите трудови укажал на неповратните промени кои и се случуваат на македонската танцова традиција, особено во периодот на 70-тите години од XX векфали запирка кога и се лоцира интензивната научно-истражувачка работа на Димоски. Во неговата лична датотека се чувствува позитивна тензија на неговите обиди да допре до секое непоставено прашање на тема - македонско оро, сето тоа под влијание на интернационалната етнокореолошка

библиографија која ја совладал. Поради високото етичко чувство за својата професија, се вложил себеси во сите научни и научно-популарни поддисциплини на етнокореологијата, кинетографирајќи, видео документирајќи, мелографирајќи и дешифрирајќи, но и подучувајќи и популаризирајќи го знаењето за македонските традиционални ора, со што несебично остави теренски материјал достоен за почит и трудови без кои ние денес не би можеле да ја замислиме современата етнокореолошка мисла во Македонија.

**Ивана Јанков**

### *Музичките изразни средства и нивните особености во кантатата „Псалми“ од композиторот Стојан Стојков*

Вокалната кантата „Псалми“ за мешан хор, детски хор и солисти на македонскиот композитор Стојан Стојков, е напишана според истоименото дело на писателот Михаил Ренџов. Кантатата содржи единаесет става (псалми) кои дејствуваат како заокружена целина, но секој став носи во себе одредени специфичности. Во делото се препознаваат различни влијанија – византиска црковна музика, барокни влијанија, како и современата музичка практика (особено во определени хармонски решенија).

Во рефератот ги прикажуваме музичките изразни средства и нивните особености по следниот редослед:

- мелодија
- хармонија
- форма
- метар и ритам
- темпо
- динамика
- тембр
- декламација (како едно од клучните изразни средства во вокалната музика).

Најинтересните композиторски решенија се поткрепени со адекватни музички фрагменти од партитурата, додека целиот реферат, покрај текстот, содржи табели и графички прикази на примерите за кои сметаме дека треба да се посочат. Табелите ја овозможуваат дополнителна прегледност на аналитичкиот приказ на партитурата.

Во заклучокот, по анализата на определените музички изразни средства и нивните особености, вршиме сублимација на најинтересните композиторови решенија во делото на еден нов, осознаен начин.

**м-р Невенка Трајкова**

## ***Неофолклорните толкувања на жанрот соната и сонатина во областа на камерното дуо***

Неотрадиционалните решенија во камерната музика на македонскиот композитор Стојан Стојков - неофолклорист кој ги прекршува традициите и бара нов пристап кон музичкиот јазик.
Специфика на толкувањето на односот "пијано- соло инструмент" во
- Соната за обоа и пијано
- Сонатина за виолина и пијано

Експериментот во камерното творештво на македонските композитори прераснува од длабочината на фолклорот – звучната (најмногу) и метроритмичната еманација од фолклорот, од кој произлегуваат "линиите на рефракција" и разградување на традиционалните камерни - музички форми. Неофолклорниот правец во македонската камерна и оркестарска музика е особено нетрадиционален - тој не е "следбеник" на Барток или на некои руски типови модалност, туку се издвојува со индивидуалноста и особено со создавањето на единствени интерпретации на полимодалноста и модалната хроматика.

Стојков создава индивидуални, авторски системи, различни една од друга и достојни за сериозно претставување во музичката литература. Фактот дека во последните две децении условите за креативен развој се доста неповолни, како и дефинитивно "загубата на традиција" во самата фолклорна култура ги фокусира процесите на национално идентификување на македонските автори со специфични системи, индивидуални, неповторливи, во кои неомодалната композиција се комбинира со влијанието на постмодерната и ги утврдува посебните, нетрадиционални толкувања на камерните состави и жанрови.

Стојков е еден од авторите поврзани со преобразување и осмислување на фолклорот, кој многу сликовито ги прикажува своите идеи за линеарно пишување со импулс кон совладување на модалните простори. Звучниот простор, изразен преку линеарната енергија – создадена со комбинирањето на звукореди и слично, изведени од националниот фолклор, стануваат причина неговите идеи во камерноинструменталната музика да се проценуваат како особено оригинални и интересни.

**м-р Александар Трајковски**

### *Педагошката дејност на Стојан Стојков*

Во досегашните анализи, осврти и критики поврзани со името на Стојан Стојков, главното тежиште за дискусија, секогаш била неговата плодна композиторска дејност. Истовремено, сосема малку е обработена темата поврзана со неговиот влог во педагогијата, каде што тој забележува значителни остварувања, кои исто така отвораат простор за научна анализа.

Во чест на одбележувањето на јубилејот - 70 години од раѓањето на Стојан Стојков, предложениот текст има за цел да направи анализа на неговата педагошка дејност, која што трае повеќе од 40 години, започнувајќи од неговиот ангажман во Средната музичка школа во Штип, па се до пензионирањето, како редовен професор на ФМУ во Скопје. Во текстот, ќе бидат забележани негови лични согледувања, посебно задржувајќи се на неколку пункта од неговата дејност - директно учество во процесот на едукација на ученици и студенти; изработка на наставни програми за сите образовни степени, изработка на елаборати за отворање на училишта; учебникарство; и учество во наставни комисии.

Исто така, ќе се направи и стручен дидактичко - методолошки осврт во однос на дидактичките принципи и методи кои Стојков ги употребувал во својата настава.

**д-р Ванчо - Жан Колев**

### *Осврт на личноста, активностите и музичкото творештво на Стојан Стојков, по повод 70 години од неговото раѓање*

Проф. Стојан Стојков, роден 1941 год. во Подареш, Р Македонија, спаѓа во редот на најистакнатите современи македонски композитори.

Како личност за проф. Стојан Стојков може да се каже дека е човек на кој што сето она што е човечно не му е туѓо. По природа и карактер тој е мирен, тивок, скромен, неуморен, чесен, достоинствен, одговорен и заедно со своето творештво е човек за кого може слободно да се придаде епитетот: “Национален композитор на својата татковина“.

Стојан Стојков не е само композитор, туку е и голем педагог кој во текот на своето работење продуцирал голем број на уметнички педагози и истакнати музички кадри. Со својата активност Стојков скоро преку целиот свој работен век е вклучен и членува во многу домашни и меѓународни проекти, организации, сојузи, здруженија, манифестации и слично, а во повеќето од нив како носител на раководни функции. За своето севкупно ангажирање има добиено многу награди, признанија,

благодарници и слично, како домашни така и меѓународни.

Творештвото на Стојан Стојков е во поширок дијапазон и голем обем, а дел од него е изведувано и во повеке од 30 земји ширум светот. Неговото творештво се карактеризира со елементи на неофолклоризам, а истото е инструирано од автентичниот македонски поточно, рурално – рустикален фолклор.

Со поопсежна анализа на музиката во делата на Стојан Стојков покрај другото може да се воочат елементи кои претставуваат високо организирана уметност која се подредува на закономерности што ги регулираат протечените во времето процеси. Во длабоко закономерниот карактер на музиката на Стојан Стојков, кој пак во основа е лирски композитор, се појавуваат општи форми на логично мислење без кои една замислена идеја не би можела да биде реализирана. Измените и процесот на постојано обновување на средствата го чинат неговиот систем отворен, историско - творечки менлив и развоен, резонирајќи на динамиката на животните процеси. Така дел од неговата музика овозможува доживување на вистината и во својот најелементарен вид што на моменти претставува апстрактна конструкција втемелена на интуицијата на раздвојување, меѓутоа истовремено и на поврзување. Во неговото творештво, најчесто преку амбиентални звуци, е содржан идиомот на македонскиот музички фолклор од кој што внимателно со автохтона трансформација се создадени голем број на музички дела од сите жанрови и форми, кои што ја разубавуваат, а и вечно ќе ја красат, музичката уметност на Стојан Стојков во Република Македонија и ширум светот.

**д-р Илија Велев**

## ***Литургиската реформа во XIV век и развојот на химнографското творештво***

Новата литургиска реформа во XIV век главно се реализирала преку промената на *Студискиот типик* и примената на *Ерусалимскиот*. Со тоа богослужбата станала временски потрајна и ритуално посвечена. Се воспоставил нов распоред на богослужбеното време, при што дошло до појава на мала и голема вечерна, и на утрена. Со тоа нужно се збогатила и содржинската структура на најсложената химнографска жанровска форма - службата. На структурен план добила троделна композиција и се надополнила со нови циклуси на песнопеења. Извесни структурни реформи претрпел и *Канонот*, проширувајќи се со нови состави и песнопеења. Во утринскиот дел на новореформираната служба почнале да се вклучуваат по 2, а некогаш и по 3 канони, а истите се пееле преку вкрстена форма - песна по песна. Извесни реформи во химнографијата се

реализирале и на мелодиско-исполнителсниот план. Посвечениот и временски потрајниот текст требало мелодиски поимпресивно да биде исполнет. *Канонот* почнал музички да се исполнува со силабична мелодија, а стихирите се изведувале со поразвиена мелодија и нивниот напев не е строго силабичен.

**Игор Гулевски**

***Црковното пеење во Битола од преродбенскиот период до нашиве дни***

Како духовен, економски и културен центар, градот Битола има истакнато место во развојот на македонската национална култура. Кога станува збор за развојот на источното црковно пеење, во овој град, еден пократок или подолг период, живееле и создавале најголемите творци на македонското црковното пеење од византиската традиција, како што се Јоан Хармосин Охридски, Манасиј поп Тодоров, Атанас Бадев, Георге Казана и редица други. Традицијата која што во Битола и пошироко на територијата на Македонија ја воспоставија овие музички дејци во периодот на Националната преродба има влијание и во најновите настојувања за враќање во што поголема мера на црковното пеење од византиската традиција, бидејќи истото веќе се практикува во Битола.

Денеска во голем број православни храмови во Битола се практикува црковното пеење од византиската традиција. Кај помладата генерација во Битола постои огромно интересирање за изучување на македонското црковно пеење. Во оваа смисла, реални се изгледите во следниот период во Битола да се отвори школа за псалти со што ќе се продолжи делото на минатите и на денешните музички дејци.

**Гоце Ристески**

***Непознати авторски композиции на Јоан Хармосин Охридски (Иван Генадиев)***

Во изминативе неколку децении во областа на црковната музика од источна традиција (т.н. византиска или источно-православна црковна музика), направени се повеќе епохални откритија поврзани со животот и

творештвото на дел од нашите музикоучители, кои се родени, живееле и твореле на територијата на Р. Македонија или надвор од неа.

Во зборникот "Пасхалија" испечатен во печатницата: "Македоніа" во Цариград фали запирка 1869 година, авторот Јоан Хармосин Охридски е застапен со седум негови мелографски композиции. Неодамна во еден ракопис кој се наоѓа во Народната библиотека во Софија забележав нови, досега непознати авторски дела на веќе споменатиот автор. Се работи за две минејни служби (од месец декември, службата за св. Наум Охридски и св. Спиридон), и четири нови авторски пападикиски композиции.

Рефератот накратко содржи палеографски опис на ракописот и краток опис на содржината со сите пропратни текстолошки и ортографски забелешки, како и прилог кон веќе споменатото откритие.

**д-р Михајло Георгиевски**

### *Поглед кон црковните псалти од малешевскиот крај – автори на музички ракописи од XIX век*

Од Малешевскиот крај (Источна Македонија) се истакнаа неколку црковни псалти – автори на невматски музички ракописи устроени по источното црковно пеење. На прво место го разгледуваме музичкото дело на Михаил Васиљов од Берово со монашкото му име Мелетиј Хилендарски. Тој е автор на шест музички ракописи. По него е Андон Шахпаски од с.Смојмирово во близина на Берово. Тој е автор на еден музички ракопис од 1884 година и е основач на школа за црковно пеење и хор кој што настапувал на неделните и празнични богослужби.

Од Берово е и црковниот псалт Атанас Чолак. Тој е автор на една псалтика од втората четвртина на XIX век. Во близина на Берово се наоѓа с.Робово. Од с.Робово се истакнал црковниот псалт Алекса П.Георгиев. Тој е автор на музички ракопис од 1884 година.

Значаен црковен псалт од Малешевијата, поточно од Пехчево е Георги Николов. Тој е автор на два музички ракописа и тоа: Воскресник од 1889 год. и Литургиски зборник од 1892 год.

**д-р Јане Коцабашија**

## *Македонското црковно пеење пред нови искушенија*

И тогаш, кога по, речиси, едно столетие во македонските храмови проличи црковното пеење од свети-Климентовото предание, Синодот на МПЦ донесе одлука српското црковно пеење повторно да се врати во македонските црковно-образовни институции. Со тоа е омаловажен македонскиот православен народ и неговата вековна борба за самостоен културен развој, а ги охрабри оние кои од средината на 19-от век, па, се до нашиве дни, со сите сили настојуваа да не сотрат. Која и каква да е причината за оваа одлука на Синодот на МПЦ, што и да е ветено за возврат, таа со ништо не може да се оправда. Со овој чекор Синодот го одложи денот кога Македонците кои во овој момент пеат српски, грчки или бугарски, ќе имаат единствено црковно пеење, како што имаат и другите православни народи.

За црковното пеење и за сите други прашања кои завлегуваат во националниот идентитет (како што е и името на државата), треба да одлучува целата македонска јавност. Кога станувашe збор за името на државата, МПЦ се досега опстојуваше на ставот за негово неменување. Но, прашањето што сега се поставува е: можно ли е тоа да се постигне со потези, како што е враќањето на српското црковно пеење во образовните институции на МПЦ? Со други зборови: Ќе може ли Синодот на МПЦ да ги убеди православните верници Македонци дека со оваа одлука ги штити националните интереси? Ако во тоа не успее, тоа ќе значи дека овој Синод нема капацитет да ја застапува МПЦ и македонските православни верници во Републикава и пошироко во светот.

**д-р Родна Величковска**

## *Проблемот на "женското" во традиционалното пеење и "живата орална трансмисија" на теренот во Македонија*

При актуализацијата на проблемот на "женското" во традиционалното пеење и *"живата орална трансмисија*" на теренот, треба да се истакне фактот дека во сите региони на Република Македонија до денес застапени се разни видови песни кои сведочат за постоењето на една многу стара македонска обредно-пејачка култура. Таа низ повеќевековното постоење неминовно претрпела промени, но ги сочувала и своите карактеристики на архаичноста.

Традиционалното пеење во Македонија во минатото, па и денес, било

тесно функционално врзано за празнувањата и разните свечености во текот на целата година. Се знаело и се почитувало *времето* и *местото* кога се пеело и "секоја од нив имала свои атрибутивни одредници кои ја означувале приликата во која се изведувале песните".

Главната улога во обредите и обичаите како, и во пеењето, ја имала жената, како на планот на поширокaта заедница, така и во рамките на семејството. Нејзината доминантна улога се состои во организирањето, раководењето и исполнувањето на традиционалните обреди. Накратко, таа е *чувар на традицијата*.

Имајќи предвид дека жената е чувар и носител на традицијата, во овој труд предмет на проучување е пред се вокалната женска традиција, такашто може да се говори главно за "женско обредно пеење", создадено во далечното минато, кое се сочувало по пат на усно пренесување од генерација на генерација.

**д-р Младен Марковиќ**

## ***Музичката генетика – можност за нов поглед врз музичката материја***

Минатата година започнавме со истражувања од областа на микроанализата на инструменталниот музички фолклор. Првичните резултати покажаа дека теоријата за музичката корпускула може да има своја тежина, како и тоа дека врз основа на неа можат да се добијат многу прецизни, сеопфатни, па некогаш и неочекувани резултати.

Теоријата се базира пред сé на премисата дека нашето музичко знаење е засновано врз веќе научени микроформули, со чие комбинирање се добиваат поголеми, смислени музички форми, првенствено од помало ниво, а потоа и од поголемо. Теоријата ја прикажавме и докажавме на некои монофони примери, но што ќе се случи кога ќе имаме неопходност од анализа на полифони (повеќегласни) фактури? Како да ги групираме и прикажеме музичките корпускули? Како да преминеме од дводимензионалниот во тродимензионален свет? Доколку претпоставиме дека корпускулите постојат во релативно мал, ограничен број, тогаш можноста за нивните комбинации (ефективната музика) расте кон бесконечност. Тогаш влегуваме во светот на музичката генетика.

Генетските синџири, дефинирани во биологијата во релативно скоро време, претставуваат основа за секој еден жив организам на оваа планета. Музиката, посебно музичкиот фолклор, многу често се смета за „жив организам„ кој се раѓа, расте и развива, и најпосле, умира. Освен тоа,

музиката е производ на човековата дејност, а човекот секогаш настојува да се копира себеси или природата. Во етномузиколошката пракса, ова значи дека би можеле да се обидеме да ги моделираме музичките дела во склад со градбата на деловите на живите организми, т.е. според моделот на генетските синџири. Во исто време, ова значи и префрлување на музичката корпускула од дводимензионален, виртуелен свет, во вистински, тродимензионален. Ние во оваа прилика ќе се обидеме, врз примери од македонскиот музички фолклор, да ја прикажеме токму внатрешната организација на музичкиот тек, како и самата градба на музичкото ткиво.

**Јелица Тодорчевска**

***Македонските народни песни во творештвото на српскиот композитор Љубомир Мл. Бошњаковиќ (1891 – 1980?)***

Годинава се навршуваат сто и дваесет години од раѓањето на српскиот композитор и диригент Љубимир Мл. Бошњаковиќ(1891 - 1980?) Во неговиот творечки опус што споджи 226 наслови, македонските народни песни биле силна инспирација за творење. Тоа го потврдуваат неговите многубројни дела: рапсодии за оркестар (Битолска, Охридска и Преспанска), Прелудиум за голем оркестар ‚Десет китки од македонски народни песни, (50 наслови), оперите „Иванка“ и „Робиња“ повеќе песни за глас и пијано и др.

Службениот престој на Љубомир Мл. Бошњаковиќ, како воен капелник во Битола во текот на петте години (од 1925 – 1930 година ) го поттикнал на повеќе музички активности во јавниот живот на градот. Така, освен редовната дејност - воен капелник на 46. Пешадиски воен полк што се наоѓал во Битола, бил одличен соработник во Народното позориште како диригент на оркестарот, раководел со Музичката секција во Народниот универзитет во Битола, одржувајќи предавања од областа на музичката историја, а паралелно со тоа, раководел и со Хорот на Женското занаетчиско училиште во Битола.

Љубомир Мл. Бошњаковиќ е автор и на првиот Учебник по Историја на светската музика во Србија, што била издадена во 1921 година во Белград. Љубомир Мл. Бошњаковиќ (Мостар, 25 ноември 1891 - Хвар 1980?) завршил Средна музичка школа во Белград, а потоа своето музичко образование го продолжил во Виена и Берлин, за да на крајот дипломира на Музичката академија во Неапол (Италија) во 1923 година.

„Кога по Балканските војни во 1912 година за прв пат ја видов Битола (како и следниот пат во 1914 година), бев пријатно изненаден од

убавината на овој крај. Таа единствена хармонија на природата и музиката на Трифаголникот Битола, Преспа и Охрид, ме плени" - вели во своите сеќавања српскиот композитор Љубомир Мл. Бошњаковиќ.

**д-р Соња Здравкова-Џепароска**

***Методи и модели на танцовата едукација***

Секој вид на едукативен процес има свои специфики и начини на реализација. Во однос на танцот пристапот кон изучување на програмските содржини може да се класифицира во неколку категории. Тие се однесуваат на начинот на аплицирање, усвојување и реализација на материјалот. Освртот на основните модели како и нивото во кои тие се најсоодветни, ќе биде тема на конкретната анализа.

Поделбата на модели односно начини на најсоодветно изучување пред се налага да се согледаат придобивките од секој модел и резултатите кои ги дава компарирано со стнадардните подтапки на едукација.

**д-р Милица Шкариќ**

***Досегашни сознанија за мерењата на музичките искуства***

Цел на овој труд е да направи преглед на досегашните сознанија за мерењата на музичките искуства од релевантни светски автори. Во трудот се дефинираат и разграничуваат музичките искуства, при што се дава посебен акцент на креирањето тестови како мерни инструменти на музичките однесувања. При крајот на изложувањето ќе се направи посебен осврт кон неопходните параметри за составување тестови за мерење на музички постигнувања во кои спаѓаат: општото музичко знаење, познавањето на нотното писмо, слушно-визуелните вештини, компонирањето и музичката изведба.

**д-р Владимир Талевски**
**Ивана Талевска**

***Музичките игри во детските активности***

Под поимот музички игри се подразбира видови игри во кои музичката мисла е двигател и носител на сите активности кои се случуваат во играта.

**1. Музички игри**

Главна цел на музичко – дидактичките игри е на децата да се дадат можности за интензивно развивање на музичките знаења, преку задачите, содржината и правилата. Секоја поставена задача во себе содржи цели, така што и музичките игри имаат поголем број на цели, со кои се поттикнува развојот на музичките способности. Истите влијаат во развојот на музичките вештини и во развојот на музичките знаења.

**2. Карактеристики на музичко-дидактичките игри**

Музичко-дидактичките игри содржат соодветни карактеристики, кои се реализираат со активностите преку соодветни задачи, содржини и правила.

**3. Видови музички игри**

Музичките игри се разликуваат со акцент по содржина, по содржина и правила и музичко-дидактички игри со правила без фантазиска содржина.

**4. Методи на музичко – дидактичките игри**

Се применуваат посебни методи на пеење, свирење на детски музички инструменти, метода на слушање музика .. се спроведуваат разни постапки.

**5. Игри со кои децата ги распознаваат особините на звукот**

Најчесто застапени музички игри се оние игри со кои децата ги рапознаваат особините на звукот (ритамот, мелодијата, бојата, јачината, висината, траењето и сл.). За развивање на мелодискиот слух најмногу влијае играта, затоа што децата го разликуваат звукот по неговата висина. Голем акцент е доделен на игрите затоа што децата креативно пеат – создаваат мелодија и игра, со кои што подоцна ја препознаваат таа мелодија во песни отпеани од други и композиции изведувани со други музички инструменти.

**Клучни зборови:** воспитание, музички игри, креативност, вештини, задачи, содржини, правила.

**м-р Ленче Насев**

## *Наставник по музичко образование – професија со отворени врати*

Многубројните промени во образовниот и општествен систем во Р. Македонија придонесоа професијата наставник по музичко образование

покрај сложена, одговорна да претставува и професија која се помалку се вреднува.

Наставниците по музичко образование преку ефективно развиени стратегии треба да се обидат да ги отворат вратите на општеството за тоа да разбере колку музичкото образование придонесува кон целосно исполнување на образовните цели.

Клучни зборови: музичко образование, наставник по музичко образование, стратегии.

**д-р Милица Шкариќ**

***Проблематика на користење различни изданија при изведувањето на клавирската музика на Ј. С. Бах***

Во западните земји веќе неколку децении се употребуваат изданијата Urtext при изведувањето на клавирската музика на Ј. С. Бах. Во Р. Македонија во образованието по пијано, за жал се уште се употребуваат изданија со сомнителен квалитет кои веќе одамна се излезени од употреба. Цел на овој труд е да ги претстави интерпретациските проблеми кои се јавуваат при употребата на различни изданија на клавирските дела на Ј. С. Бах со посебен осврт кон правилната артикулација, орнаментика, динамика и темпо. Трудот претставува екстракт од книга која идната година треба да излезе од печат.

**м-р Валентина Велковска-Трајановска**

***Алеаторика – музички јазик застапен во творештвото на македонските композитори***

Алеаториката како музички систем, техника на компонирање на XX век е застапена во многу значаен фонд на дела од опусот на светската музичка литература, иако таа не е исклучива можност само на XX век фали запирка бидејќи се јавува во музичкото минато многу порано, во многу различни форми.

Во творештвото на македонските композитори алеаториката своето вистинско место си го пронаоѓа малку подоцна, со созревање на условите, но може да се евидентира и нејзината употреба претходно на еден интуитивен начин.

Анализата ќе опфати дела каде е применет овој музички јазик од

различни генерации македонски композитори, Кирил Македонски, Властимир Николовски, Томислав Зографски, Томе Манчев и други, при што ќе може да се согледаат можните трансформации, толкувања и нотографирање на истиот.

**м-р Тихомир Јовиќ**

### *Полифонијата во композицијата Concerto Grosso од Томислав Зографски*

Томислав Зографски (1934-2000) е еден од најзначајните македонски композитори. Со својот обемен и жанровски разновиден опус, како и со плодната општествено-педагошка дејност, Зографски остава значаен белег во македонската музичка историја. Следејќи ги актуелните светски музички трендови, тој е еден од првите композитори кои во македонската музика ги внесува карактеристиките својствени за неокласицизмот. За своето творештво Зографски е добитник на голем број значајни награди и признанија.

Едно од последните дела од творештвото на Томислав Зографски е композицијата *Concerto Grosso* (1996/99) за удиралки и два гудачки оркестра. Целта на овој труд е да го образложи пристапот на авторот кон реализацијата на оваа музичка форма. Преку аналитички пристап ќе бидат разгледани следните компоненти: карактеристиките и конструкцијата на тематските материјали, слог и фактура, примената на полифониот слог како конструктивен композициско-технички елемент, видовите полифонија и полифоните постапки, карактеристиките на модалните системи и модалниот план, вертикалните структури и сл.

**д-р Томе Манчев**

### *Харизмата на великиот Витолд Лутославски*

Поставениот наслов директно наведува на содржината и проблемот на истражување. Но, харизматичноста со значење наметнување врз масите и нивно организирање доволно моќно и точно ја посочува нашата намера. Се разбира според првичниот концепт тоа може така да се сфати.

- Во таа смисла би ги навел сите мои контакти со Витолд Лутославски
- Начинот на кој му се обраќаат граѓаните во Република Полска
- Содржинските предавања на Витолд Лутославски
- Изјавата дадена во музичкото списание „Звук“ од 1977 година

- Творештвото од III фаза

- Анализа на дел од творештвото на Витолд Лутославски со акценти на елементите: мелодија, хармонија, метроритмичка структура... форма.

- Нов приод кон конструкцијата на структурата на формата на делото

- Естетиката на репродукцијата на неговото творештво со цитати од премиерните изведби во дијалог со светски уметници, цитат од анализата на клавирскиот концерт и сл.

Потоа во вториот дел од рефератот ќе се изработи мини експертиза споредувајќи го творештвото на повеќе истакнати композитори претежно од Европа – нивниот развој низ етапите, кулминацијата на нивното творештво и слични констатации.